**Известување за концентрација со која ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне единствена контрола над БППВ ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Скопје, Република Северна Македонија (предмет бр. 08-43/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр. 13, Центар, Скопје, Република Северна Македонија над друштвото БППВ ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Гане Тодоровски бр.24/лок.3-мезанин Центар, Скопје, Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** е друштво чија регистрираната дејност е трговија на електрична енергија. Интеренерго МК има лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е дел од **Келаг Групата** која работи во сегментите на енергија, мрежи и топлинска енергија.

Келаг Групата има удел во уште едно зависно друштво во Република Северна Македонија:

- Друштво за производство на електрична енергија ПАРК НА ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ ПЕРУН ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13, Центар, Скопје, Република Северна Македонија.

**БППВ Енерџи ДОО увоз-извоз Скопје** е друштво чија регистрираната дејност е производство на електрична енергија. Друштвото е во процес на изградба на објекти за производство на енергија и добивање на соодветна енергетска лиценца за вршење на енергетската дејност – производство на електрична енергија и сè уште нема започнато со вршење на своите деловни активности.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на електрична енергија на големо.

По однос на **географскиот пазар**, Подносителот смета дека истиот би можел да се дефинира во најмала мера како национален.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

28.02.2023 година, Скопје